**БАСТАЛИЌ-ЛАЗАРОСКИ, Симона** УДК: 343.24/.26:343.91-053.2/.6(497.7)

# САНКЦИИ СПРЕМА МАЛОЛЕТНИЦИ

**Апстракт**

Малолетничката деликвенција претставува една посебна општествено-негативна појава и се јавува како сериозен општествен проблем со кој денес се соочуваат сите земји од светот. Станува збор за малолетници кои извршиле разни кривични дела, поради што против нив е покрената кривична постапка и одредена е санкција. Тежината на проблемот произлегува од структурата, обемот и динамиката на кривичните дела кои што ги вршат малолетниците, како и од тоа дека се работи за млади лица кои со своето деликвентно однесување во најголем број продолжуваат и како возрасни, полнолетни лица.

**Клучни зборови:** *малолетни лица, дете, кривично дело, воспитни мерки, затвор за деца.*

**BASTALIKJ LAZAROSKI Simona** UDK: 343.24/.26:343.91-053.2/.6(497.7)

# SANCTIONS AGAINST MINORS

**Abstract:** Juvenile delinquency is a special social-negative phenomenon and it occurs as a serious social problem that all the countries around the world face today. This refers to juveniles who have committed various crimes, due to which criminal proceedings have been initiated against them and a sanction has been imposed. The severity of the problem stems from the structure, scope and dynamics of the crimes committed by juveniles as well as from the fact that these are young people who with their delinquent behavior mostly continue in their mature, adult years.

**Keywords:** *minors, child, crime, educational measures, prison for children*

## ВОВЕД

Положбата на малолетните лица кои се идентификуваат како сторители на кривични дела, во современата кривично-правна наука се гради врз неколку ставови кои се од суштествено значење за нивната положба и во фазата на извршувањето на кривичните санкции. Специфичните карактеристики на малолетните лица се изразуваат преку нивната неспособност да го сфатат значењето на своето дејствие кое со закон е определено како кривично дело, односно прекршок и да управуваат со своите постапки поради нивната несозреаност. Поради тоа, за малолетните лица кои се сторители на дејствија што со закон се определени како кривично дело или прекршок, се поставува специфичен систем на мерки за реагирање на криминалното однесување: воспитни мерки кои што претставуваат специфичен вид на санкции кои се ослободени од присила и ретрибуција и чија основна цел е ресоцијализацијата по пат на давање на помош,

заштита, грижа и надзор, како и стручно оспособување со цел да се остварат процесите на правилна социјализација на малолетното лице и да се обезбеди негов правилен развој и формирање во позитивна личност. Системот на кривични санкции кој што се применува спрема малолетните лица се карактеризира со сет на различни мерки за различни категории на малолетни лица, со флексибилност во примената како и со можност за меѓусебно комбинирање. Притоа, се избегнува примената на санкциите кои што се применуваат спрема полнолетните лица, додека пак примената на казната затвор за деца е исклучителна. Законот за извршување на санкциите особено ја нагласува потребата од примена и остварување на основните начела врз кои треба да се извршуваат кривичните санкции, посебно начелата на хуманост, законитост, индивидуализација како и развивање на чувството на лична одговорност.

Казненото законодавство на Република Северна Македонија во делот на малолетничката правда, во целост е усогласено со најновите научни и теоретски сознанија во казнено-правната наука за положбата на малолетните лица кои што се идентификуваат како сторители на дејствија што со закон се определени како кривични дела или прекршоци, особено со воведувањето нов модерен систем на санкции како и донесувањето на **Законот за малолетничка правда** во 2007 година.

## ПОЛОЖБАТА НА ДЕТЕТО ВО ЗАКОНОТ ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Кога зборуваме за реформите кои што се направени во Република Северна Македонија од областа на малолетничка правда, можеме да заклучиме дека на 04.07.2007 година е донесен ***Закон за малолетничка правда*** и тој бил активен се додека на 29.10.2013 година не стапил во сила ***Законот за правда за децата.*** Причината поради која е создаден нов закон и тој носи нов наслов е поради усогласувања со Конвенцијата за правата на детето и нејзините дополнителни протоколи: Факултативен протокол кон Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на продажба на децата, детска проституција и детска порнографија и Факултативен протокол кон Конвенцијата за правата на децата кој се однесува на вклучување на децата во вооружени конфликти. Поради ова, значајно е во продолжение да се напоменат измените кои се извршени на одредени поими во новиот Закон за правда за децата.

„Според чл. 12 од Законот за малолетничка правда,

***- малолетник*** е секое лице на возраст до 18 години кое според Конвенцијата за правата на детето се смета за дете;
- ***дете во ризик*** е малолетник кој во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок наполнил 7, а не наполнил 14 години, дете во ризик се смета и малолетник до четиринаесетгодишна возраст зависник од употреба на droги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот, дете жртва на насилство и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква ситуација во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството или детето не е вклучено во системот на образование и воспитување или се оддало на питање, скитање или проституција, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот;

- ***помлад малолетник*** е малолетник кој во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок имал наполнето 14 години, а немал наполнето 16 години;
***- помлад малолетник*** во ризик е лице кое во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело за кое е предвидена парична казна или затвор до три години или прекршок, има наполнето 14, а нема наполнето 16 години или кое е зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот;
- ***постар малолетник*** е малолетник кој во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок наполнил 16 години, а не наполнил 18 години;
- ***постар малолетник во ризик*** е малолетник кој во времето на извршувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело, за кое е предвидена парична казна или затвор до 3 години или прекршок, има наполнето 16 години, а не наполнил 18 години или кое е зависник од употреба на дроги, психотропни супстанции или алкохол, дете со пречки во развојот и воспитно и социјално запуштено дете кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или оневозможено остварувањето на воспитната функција на семејството, кое поради ваквите состојби е или може да дојде во судир со законот;
- ***помладо полнолетно лице*** е лице кое во времето на пресудувањето за кривично дело наполнило 18, а не наполнило 21 година.“[1]

Според Законот за правда за децата, под поимите:
-***дете*** се подразбира секое лице на возраст до 18 години;
-***дете во ризик*** е секое дете кое наполнило 7, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителот односно старателот, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекузори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со законот како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело;
***- дете во ризик од 14 до 18 години*** е секое дете кое во времето на извршувањето на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор до три години или дејствие со закон предвидено како прекршок, наполнило 14, а нема наполнето 18 години;
- ***дете во судир со законот од 14 до 16 години*** е секое дете кое во времето на извршувањето на дејствието, со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над три години наполнило 14, а нема наполнето 16 години;
-***дете во судир со законот над 16 години*** е секое дете кое во времето на извршувањето на дејствието со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор над 3 години, наполнило 16 години, а не наполнило 18 години;

[1] Закон за малолетничка правда, Службен весник број: 87/2007, член 12

- ***дете жртва*** е секое дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело.“[2]

„Од структурален аспект меѓу новиот и стариот закон не се забележани суштински разлики. Во рамките на првиот дел од Законот за правда за децата јасно е прикажана целта и содржината на Законот, односно дека се уредува постапувањето со деца во ризик, со деца сторители на кривични дела, деца сторители на прекршоци. Предвидени се примената на мерки, положба улога и надлежност на органите кои учествуваат во постапката (станува збор за: ЦСР, МВР, ЈО и сл.) и извршување на воспитни мерки и алтернативни казни. Важно е да се додаде дека за разлика од стариот закон, во новиот закон е предвидена концепцијата на дете-жртва на кривично дело, тука се уредуваат и мерките на заштита на деца жртви и сведоци. Со оглед на тоа дека се работи за деца, главната цел на законот е заштита на децата од криминал, насилство и кој било облик на загрозување на нивните слободи, права и развој, нивната социјализација, воспитување и превоспитување, грижа за децата во постапката пред судот и останати органи.“[3]

## САНКЦИИ СПРЕМА МАЛОЛЕТНИЦИ И НИВНИТЕ ЦЕЛИ

На дете од 14 до шеснаесетгодишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело **можат да му се изречат само воспитни мерки. На дете од 16 до осумнаесетгодишна возраст** за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело **можат да му се изречат воспитни мерки, а по исклучок може да му се изрече казна или алтернативна мерка. Дете од 16 до осумнаесетгодишна возраст може да биде ослободено од казна** под општите услови определени со Кривичниот законик. **На дете** за дејствие кое со закон е превидено како прекршок **може да му се изречат прекршочни санкции определени со ЗМП. На дете му се изрекуваат мерки на безбедност** под условите определени со Кривичниот законик и со ЗМП. **Конфискацијата на имот и имотната корист и предмети** прибавени со дејствија кои со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци на деца се врши согласно со општите услови утврдени во Кривичниот законик. (в. член 34 ЗПД.)

Целта на воспитните мерки, казните, алтернативните мерки и на прекршочните санкции е преку давање на заштита и помош на децата со вршење надзор над нив, со нивно стручно оспособување и со развивање на нивната лична одговорност да се обезбеди нивно воспитување, превоспитување и правилен развој. (в. член 35 ЗПД.)

Санкцијата што му се изрекува на детето треба да одговара со неговата личност, тежината на дејствието кое со закон е предвидено како кривично дело или прекршок и неговите последици, потребата од неговото воспитување, превоспитување, образование и развој, заради обезбедување и заштита на најнеопходниот интерес за детето. Кога се исполнети законските услови, надлежниот суд изрекува казни само ако не е оправдано изрекување на воспитна или алтернативна мерка. Казна што се состои

[2]Закон за правда за децата (,,Службен весник на РМ“ бр.148/13, и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19 и бр. 275/12), член 19

[3] Докторски труд, Ебру Ибиш, тема: Криминолошки и казнено правни аспекти на малолетничката деликвенција во Република Македонија стр. 84-86

во лишување од слобода, надлежниот суд може да изрече само кога целта на воспитните мерки, казнувањето или алтернативните мерки не може да се постигне со мерки на помош и заштита. Доколку е изречена потешка санкција или санкција што се состои во лишување од слобода, надлежниот суд посебно ги образложува причините за нејзиното изрекување.(в. член 36 ЗПД.)

Согласно Законот за правда за децата од 2013 година, предвидени се следните категории на санкции спрема деца:

**Воспитни мерки кои се составени од: мерки на укор и упатување во центар за деца, мерки на засилен надзор и заводски мерки; алтернативни мерки; мерки на безбедност и казни.**

Во продолжение следува графички приказ на санкциите спрема деца и истото би изгледало вака:












## ВОСПИТНИ МЕРКИ

Воспитните мерки претставуваат категорија на санкции спрема детето кое што е над 14 годишна возраст и тоа е во судир со законот. Целта на извршувањето на воспитните мерки е заштита, образование, воспитување и превоспитување, социјализација, помош и грижа за децата за да се обезбеди правилен развој на нивната личност.[4] Постоењето на овие мерки е во согласност со основните начела содржани во Европските правила за децата сторители на кривични дела подложени на санкции и мерки, според кои санкциите и мерките што се изрекуваат и нивната имплементација треба да се засноваат на принципите на социјална интеграција и образование, а со цел за спречување идно повторување.[5] Се работи за санкции кои што се раководат од идејата на превенција и тие се систематизирани во три групи: првата група ја сочинуваат ***мерки на укор и упатување во центар за деца*** во која што се предвидени мерката укор и упатување во центар за деца. Овие мерки се наменети за оние малолетни лица кои што дејствието што е определено со закон како кривично дело или прекршок го сториле од лекомисленост и непромисленост, од младешки немир и небрежност. Втората група на воспитни мерки ја сочинуваат ***мерките на засилен надзор***, односно: засилен надзор од страна на родител/старател; засилен надзор од страна на згрижувачко семејство и засилен надзор од страна на ЦСР. Овие мерки на засилен надзор спаѓаат во ред на најчесто применуваните воспитни мерки. Мерките на засилен надзор се изрекуваат спрема дете кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување со соодветен надзор, а не е потребно негово целосно одвојување од дотогашната средина (в. член 37 ЗПД.) Во категоријата на ***заводски мерки*** предвидени се: упатување во воспитна установа и упатување во воспитно-поправен дом. Овие мерки се разликуваат од претходните две групи на мерки по тоа што при нивната примена доаѓа до издвојување на детето од неговата природна средина во која што живеел.

### Мерки на укор и упатување во центар за деца

Мерки на укор и упатување во центар за деца кои што можат да им се изречат на деца се укор и упатување во центар за деца. Се изрекуваат кога децата со дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок и воопшто со своето

[4]Закон за извршување на санкциите „Службен **весник** на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019 и 220/2019) член 309
[5]Recommendation CM/Rec(2008)11 of the Committee of Ministers to member states on the European Rules for juvenile offenders subject to sanctions and measures, 5.11A.2008, Council of Europe.

поведение покажуваат дека немаат склоност кон криминалитет, кои не покажуваат подлабоки промени во личноста што можат да ги насочат кон криминално однесување, но сторувањето на дејствието што со закон е определено како кривично дело или прекршок е такво поведение кое не смее да остане без реакција на општеството врз истото.[6] Затоа, судот треба веднаш да реагира на таквото поведение на децата со примена на овие мерки, да им укаже дека не смеат така да се однесуваат и со нив да влијае врз нивната дисциплина како и врз зголемување на општествената и личната одговорност.

*Укор* се изрекува ако е доволно и само прекорување на детето за стореното дејствие. (в. член 39 ЗПД.) Оваа мерка се карактеризира како најблага воспитна мерка. При изрекувањето на укорот, на детето му се укажува на штетноста на неговото однесување и опасноста по неговиот натамошен живот. Исто така, му се укажува дека доколку не се поправи може да се применат и други построги санкции. Со изрекувањето и соопштувањето на одлуката за примена на оваа мерка, таа се извршува од страна на судот.

*Упатување во центар за малолетници* судот ќе ја изрече кога е потребно со соодветни краткотрајни мерки да се изврши влијание врз поведението и личноста на детето. Детето на кое што му е изречена оваа мерка судот може да го упати во центар за деца на определен број часови во текот на денот во празнични денови и тоа најмногу во четири празнични денови едно по друго; на определен број часови во текот на денот, но најмногу еден месец или на непрекинат престој на определен број денови, но не повеќе од 20 дена.[7] При извршувањето на оваа мерка, судот треба да води сметка за тоа со нејзиното извршување детето да не изостане од редовната настава или од работата доколку е вработено. Исто така судот може да определи, за време и по извршувањето на мерката, детето да биде под засилен надзор на центарот, во период кој што не е подолг од 6 (шест) месеци.

**Мерки на засилен надзор**

Воспитните мерки на засилен надзор според практиката на нивното извршување, претставуваат најефикасно и најпогодно средство во остварувањето на воспитниот и превоспитниот процес и влијание врз малолетните деликвенти. Мерките на засилен надзор се изрекуваат спрема дете кога постои потреба од потрајни мерки на воспитување, превоспитување или лекување со соодветен надзор, а не е потребно негово целосно одвојување од средината во која живее, се образува и работи.[8] При изрекувањето на некоја од мерките на засилен надзор, за поуспешно извршување на изречената мерка, согласно член 44 од ЗПД, судот може на детето да му одреди една или повеќе обврски и тоа:

- ✓ да му се извини лично на оштетеното лице;
- ✓ да ја поправи или надомести штетата предизвикана со стореното дејствие;
- ✓ редовно да го посетува училиштето;

[6]Проф. д-р Љупчо Арнаудовски; Доц. д-р Александра Груевска-Дракулевски, Пенологија (втор дел) 2013, стр.337
[7]Закон за правда за децата (,,Службен весник на РМ“ бр.148/13, и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19 и бр. 275/12), член 40
[8]Малолетничко казнено право (скрипта) Лазар Нанев, Олга Кошевалиска, Штип 2018 година, стр. 49

- ✓ да не изостанува од работното место за деца над 15 години;
- ✓ да се оспособи за работа што одговара на неговите способности, наклонетости и физичка сила за деца над 15 години;
- ✓ да прифати работа за деца над 15 години;
- ✓ да му забрани употреба на алкохолни пијалаци, дрога и други психотропни супстанции;
- ✓ да се упати во соодветна здравствена установа или советувалиште;
- ✓ полезно да го користи слободното време;
- ✓ да не контактира со лица кои штетно влијаат врз неговата личност;
- ✓ да се остручи и преквалификува заради задржување на работното место што го зазема или за создавање претпоставки за вработување за деца над 15 години;
- ✓ да овозможи увид и да прифати совети во врска со распоредувањето и трошењето на платата и другите приходи што ги остварува;
- ✓ да се вклучи во работа на хуманитарна организација, комунална, еколошка или невладина организација;
- ✓ да се вклучи во одредена спортска, културно забавна организација или здружение со обврска да ги посетува редовните проби или тренинзи и
- ✓ да му се забрани движење без придружба на неговите родители/или/от, односно старатели/или/от од 22:00 часот до 5:00 часот.[9]

Судот може по барање од страна на центарот да ги измени или да ги укине обврските кои што му ги одредил на детето. Исто така судот при одредувањето на посебните обврски треба да им укаже на детето и неговиот родител односно старател дека во случај обврските да не бидат исполнети мерката може да биде заменета со упатување во центар за деца или со заводска мерка. При исполнувањето на обврските, центарот врши постојан надзор и му помага на детето, соработува со родителот односно старателот и има обврска да го известува судот најмалку еднаш на шест месеци за спроведувањето на обврските и постигнувањето на целта.

Првата мерка на засилен надзор, *засилен надзор од страна на родител/старател,* судот може да ја изрече доколку родителот односно старателот, пропуштиле, а биле во можност да вршат надзор над детето. Кога судот ќе ја изрече оваа мерка ќе му наложи на родителот, односно старателот одредени должности во поглед на тоа кои мерки треба да се преземат за лекување на детето, негово воспитување како и за отстранување на штетните влијанија врз него. Согласно чл. 41 ст. 3 од ЗПД судот може да одлучи дополнително за престанок на мерката, со тоа што истата не може да трае помалку од 1 (една) година ниту пак подолго од 3 (три) години.

Втората мерка е *засилен надзор од страна на згрижувачко семејство* и таа се состои во предавање на детето на згрижувачко семејство кое сака да го прими и кое има можност да врши засилен надзор над него. Услов за изрекување на оваа мерка е родителите или старателот на детето да не се во можност да вршат надзор над него или кога основано се очекува дека не може да го вршат надзорот. Се изрекува во случаеви кога детето ќе остане без родители или старател поради смрт, долготрајно напуштање и сл. или пак кога од различни причини (болест, развод, занимавање со криминална активност и сл.) родителите или старателот не може да ја остварува својата

[9]Закон за правда за децата (,,Службен весник на РМ" бр.148/13, и „Службен весник на РСМ" бр. 152/19 и бр. 275/12), член 44

заштита и воспитна функција.[10] ЦСР му го доверува извршувањето на мерката на семејството кое што е определено во судската одлука. Согласно член 331 од Законот за извршување на санкциите, за време на извршувањето на оваа мерка, на детето му се обезбедува одржување на врските со семејството, доколку надлежниот суд по предлог на центарот за социјални работи не определи поинаку. Мерката ќе се запре кога родителот односно старателот ќе се здобие со можност да врши засилен надзор над детето или кога според постигнатите резултати ќе престане потребата од надзорот.

Последната мерка на засилен надзор, *засилен надзор од страна на центарот* се изрекува тогаш кога не постои можност за изрекување на некоја од претходните две мерки, односно доколку родителите т.е. старателот не се во можност да вршат засилен надзор над детето, а не постојат услови за предавање на детето на згрижувачко семејство заради вршење на ваков надзор, тогаш детето се става под надзор на Центарот за социјална работа. Ако детето не може да остане во семејството во кое живеело, центарот ќе го смести во воспитна установа и ќе се грижи за неговото школување или вработување, за издвојување од средината што штетно влијае врз него, за потребното лекување и за подобрување на условите во кои живее.[11]

**Заводски мерки**

Заводските мерки или кои уште се нарекуваат *институционални* се разликуваат од сите претходни мерки по тоа што при нивната примена доаѓа до издвојување на детето од неговата природна средина во која што живее. До примена на заводски мерки доаѓа тогаш кога судот ќе констатира дека промените во личноста на деликвентот и неговото однесување што се изразило преку сторувањето на кривичното дело се од таква природа што треба да се преземат трајни мерки на превоспитување со издвојување од средината во која се формирал како деликвент.[12] Во нашето кривично законодавстпредвидени се две заводски мерки:

**Упатување во воспитна установа** – Оваа мерка се применува тогаш кога детето треба да се одвои од неговата семејна средина и да се упати во посебна воспитна установа во која животот и работата ќе ги остварува под посебна дисциплина и режим, како и под постојан надзор од стручни лица кои ќе му обезбедат интензивен воспитен процес заради воспитување, превоспитување и правилен развој. Оваа заводска мерка е со релативно неодредено траење. Согласно член 45 став 2 од ЗПД таа може да трае најмалку 6 месеци, а најмногу 3 години, што ќе зависи од постигнатите резултати на детето во процесот на превоспитување. Затоа при изрекувањето на оваа мерка судот не го определува нејзиното траење, туку за тоа одлучува дополнително.

**Упатување во воспитно-поправен дом –** Од аспект на ограничувањата на слободата на детето, начинот на извршување и режимот врз кој се организира животот на детето, оваа мерка претставува една од најтешките и најстрогите воспитни мерки. Се применува спрема дете кај кое деликвентното поведение се манифестира на начин од кој може да се заклучи дека е потребно да се издвои од својата природна средина, во

[10] Коментар на Законот за правда на децата со практикум, Скопје 2018 година, стр.154

[11] Закон за правда за децата (,,Службен весник на РМ“ бр.148/13, и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19 и бр. 275/12), член 43 став 3

[12] Проф. д-р Љупчо Арнаудовски; Доц. д-р Александра Груевска-Дракулевски, Пенологија (втор дел) 2013, стр.349

установа со посебен режим, сѐ со цел да се преземат засилени мерки на воспитување и превоспитување од страна на специјализирани лица во воспитно-поправниот дом. Воспитно-поправен дом е специјален вид установа со посебен режим за поправање на потешки воспитно запуштени деца сторители на кривични дела.[13] При изрекувањето на мерката, судот по правило треба да го земе предвид и претходното поведение на детето како и тежината и природата на стореното дејствие. Во воспитно-поправен дом детето може да остане најмалку 1 (една) година, а најмногу 5 (пет) години, односно до наполнети 23 години. При изрекувањето на оваа мерка судот не го определува нејзиното траење туку за тоа дополнително одлучува. (в. член 46 ст. 3 ЗПД)

**АЛТЕРНАТИВНИ МЕРКИ**

Алтернативните мерки во Кривичниот законик на Република Македонија се предвидени во членот 48-а каде според истиот постојат шест видови и тоа: алтернативни мерки: условна осуда, условна осуда со заштитен надзор, условно прекинување на кривичната постапка, општокорисна работа, судска опомена и куќен затвор. Со новелата на Кривичниот законик од 2004 година, воведени се и алтернативни мерки спрема малолетни сторители на кривични дела. Меѓународните документи за правда на децата ги истакнуваат предностите што вонинституционалните мери ги имаат наспроти оние казнени санкции коишто значат изолација и институционализација на детето.[14] Алтернативните мерки имаат карактер на превентивни санкции кај коишто ретрибутивниот елемент е потиснат и ставен во функција на нивното нагласено специјално-превентивно дејство.[15]

Целта на алтернативните мерки е спрема кривично одговорниот сторител да не се примени казна за полесни дела кога тоа не е нужно заради кривично-правна заштита и кога може да се очекува дека целта на казнувањето може да се оствари со предупредување со закана на казна (условна осуда), само предупредување (судска опомена) или со мерки на помош и надзор на однесувањето на сторителот на слобода.[16]

Кога зборуваме за алтернативните мерки кои што можат да се применат спрема деца, нашиот законодавец предвидел и прифатил решение дека само на кривично одговорно дете над шеснаесетгодишна возраст може да му се изрече алтернативна мерка. Ваквото законско решение на некој начин се оправдува со потребата детето да достигне определена возраст и зрелост во која што ќе може да сфати обврските кои што ќе му бидат наметнати, ограничувања и забрани како и последиците доколку истите не ги почитува или ги прекршува. Согласно чл. 13 од ЗПД, секоја мерка и санкција што се изрекува спрема детето мора да биде во негов најдобар интерес, да овозможува негова заштита, воспитување, превоспитување и правилен развој. Во системот за правда на децата, предност треба да им се даде на воспитните, превентивните и заштитните мерки спрема децата, а при изборот на мерката, односно санкцијата, судијата

[13]Jovašević, Dragan, Ikanović, Veljko, „Krivično pravo Republike Srpske-opšti deo“, Banja Luka: Panevropski univerzitet Apeiron, 2012, страна 377

[14]Коментар на Законот за правда на децата со практикум, Скопје 2018 година, стр.177

[15]В. Камбовски, Коментар на Кривичниот законик, 2015 год. стр. 520

[16]https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BD-%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82.pdf чл. 48, стр. 21

задолжително треба да води сметка и за личноста на детето, тежината на стореното дејствие како и за последиците од дејствието. Целта на алтернативните мерки е спрема кривично одговорно дете над 16 години да не се применува казна кога станува збор за полесни дела и кога може да се очекува дека предупредувањето со закана на казна или пак примената на мерките на заштита, помош и надзор на слобода ќе влијае врз неговото воспитување и превоспитување како и правилен развој на детето. Секако, тогаш и кога се исполнети сите законски услови за да се изрече алтернативна мерка, судот треба да ја земе предвид и слободно изразената волја од страна на детето за да му изрече некоја од алтернативните мерки. При одмерувањето на санкциите судот се раководи од определени критериуми, како на пример: степенот на душевна развиеност на детето, времето потребно за негово воспитување, превоспитување и усовршување (в. чл. 52 ЗПД.)

Согласно член 60 став 1 од ЗПД на кривично одговорно дете над 16 години за стореното дејствие можат да му се изречат следниве алтернативни мерки: *условна осуда со заштитен надзор, условно прекинување на водење на постапка спрема детето* и *општокорисна работа.*

**Условна осуда со заштитен надзор**

Оваа алтернативна мерка може да се изрече кога на детето му е утврдена казна затвор во траење до три години или парична казна. Доколку на детето му е утврдена и казна затвор за деца и парична казна, судот може да изрече условна осуда за двете казни или пак само за казната затвор за деца. Заштитниот надзор се состои во една или од повеќе обврски за кои детето е должно да се придржува во времето на проверување. Во членот 44 од ЗПД се предвидени обврските кои треба да ги исполнува детето на кого му е изречена наведената алтернативна мерка, а тие можат да бидат:

- ✓ да му се извини лично на оштетеното лице,
- ✓ да ја поправи или надомести штетата предизвикана со стореното дејствие,
- ✓ редовно да го посетува училиштето,
- ✓ да не изостанува од работното место за деца над 15 години,
- ✓ да се оспособи за работа што одговара на неговите способности, наклонетости и физичка сила за деца над 15 години,
- ✓ да прифати работа за деца над 15 години,
- ✓ да му забрани употреба на алкохолни пијалаци, дрога и други психотропни супстанции,
- ✓ да се упати во соодветна здравствена установа или советувалиште,
- ✓ полезно да го користи слободното време,
- ✓ да не контактира со лица кои штетно влијаат врз неговата личност,
- ✓ да се остручи и преквалификува заради задржување на работното место што го зазема или за создавање претпоставки за вработување за деца над 15 години,
- ✓ да овозможи увид и да прифати совети во врска со распоредувањето и трошењето на платата и другите приходи што ги остварува,
- ✓ да се вклучи во работа на хуманитарна организација, комунална, еколошка или невладина организација,
- ✓ да се вклучи во одредена спортска, културно-забавна организација или здружение со обврска да ги посетува редовните проби или тренинзи и

- ✓ да му се забрани движење без придружба на неговите родители/или/от, односно старатели/или/от од 22:00 часот до 5:00 часот.

Согласно Законот за извршување на санкциите, Управата за извршување на санкциите е должна да го спроведува, организира и да врши надзор на исполнувањето на заштитниот надзор изречен со условна осуда. Исто така и Центарот за социјални работи според местото на живеалиште односно престојувалиште треба да врши непосреден надзор и заштита во исполнувањето на обврските од страна на детето. Судот ќе ја отповика условната осуда со заштитен надзор доколку детето во времето на проверување постапи на некој од начините наведени во членот 62 став 7 од ЗПД.

**Условно прекинување на водење на постапка спрема детето**

Законски предуслов за определување на оваа алтернативна мерка е да постои согласност од страна на оштетениот. Условно прекинување на водење на постапка спрема детето како втора од пакетот алтернативни мерки, може да му се изрече на дете над шеснаесетгодишна возраст за дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело и за кое е утврдена казна затвор до пет години или парична казна. За да може да се изрече оваа алтернативна мерка, битно е детето да изразило каење за извршеното дело, ако ги отстранило последиците од делото, ако ја надоместило штетата или пак се помирило со оштетениот кој е согласен со прекинување на постапката, под услов во рок од две години детето да не стори друго дејствие што со закон е предвидено како кривично дело.[17] Доколку сторителот во рокот на проверувањето не стори ново кривично дело или пак во тој рок не се открие некое порано сторено кривично дело, постапката се запира (в. член 58-а ст. 3 од КЗ)

**Општокорисна работа**

Општокорисната работа, како последна од алтернативните мерки претставува значајна мерка која по својот третмански карактер и содржина претставува замена на затворот. Нејзината смисла е да се преземаат работни активности во определен број на часови кои што детето во текот на своето слободно време ќе ги заврши. Општокорисната работа во ниту еден случај не смее да го наруши образовниот процес на детето и затоа се извршува во неговото слободно време. Работниот ангажман кој што му се задава на детето преку оваа мерка има респираторно и терапевтско дејство бидејќи му наметнува обврски кои што се извршуваат на слобода без притоа да се изолира во одредена специјализирана установа. Основна цел на општокорисната работа е преку неа да се изврши воспитно влијание врз поведението и личноста на детето, односно истото да се навикне да почитува обврски, да стекне самодоверба и чувство на одговорност и сл. Може да му се изрече на дете над шеснаесетгодишна возраст, но само за сторено дејствие кое што ги содржи сите законски обележја на кривично дело, односно не може да се изрече за прекршоци. Може да биде определена како алтернативна за утврдена казна затвор до три години или парична казна, додека пак нејзиното времетраење може да изнесува од 5-100 часа, при што судот во пресудата треба да го наведе точниот број на часови кои што детето треба да ги исполни.

[17]Закон за правда за децата („Службен весник на РМ“ бр.148/13, и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19 и бр. 275/12),член 63

Извршувањето на општокорисната работа спрема деца се врши согласно одредбите на Законот за извршување на санкциите. Општокорисната работа се извршува согласно Правилникот за видот и условите на извршување на општокорисна работа (Службен весник на РМ, бр. 118/2008). За извршување на општокорисната работа, директорот на Управата склучува договор за општокорисна работа со државен орган, јавно претпријатие, установа, единица на локална самоуправа или со хуманитарна организација во која детето ќе ги извршува своите работни обврски.[18] Воедно, општокорисната работа е бесплатна и таа не смее да биде изрекувана заради остварување на профит. ЦСР според местото на живеалиште или престојувалиште на детето е надлежен да врши надзор врз исполнувањето на работните обврски на детето и исто така најмалку еднаш месечно задолжително треба да го известува судијата за извршување на санкциите за текот на извршувањето на алтернативната мерка. Ако детето не ги исполнува или неуредно ги исполнува наложените работни обврски, судот ќе ја замени оваа мерка со мерката упатување во центар за деца или со мерка на засилен надзор, под условите предвидени за нивното изрекување, земајќи го предвид делот од обврските што е веќе исполнет.[19]

## МЕРКИ НА БЕЗБЕДНОСТ

„Мерките на безбедност претставуваат специфични кривични санкции со одредени посебности во извршувањето и остварувањето на своето влијание врз сузбивањето на криминалитетот. Додека останатите кривични санкции имаат карактер на заштита на општеството од криминалитет по пат на примена на репресија, мерките на безбедност првенствено имаат превентивен карактер. Целта на мерките на безбедност е да се отстранат состојбите или условите што можат да влијаат сторителот т.е. детето во иднина да врши кривични дела. Оттука, целта на примената на мерките на безбедност е специјално превентивна. Тие покажуваат одредени специфичности во примената на методите и средствата во нивното извршување и истите имаат за цел да овозможат да се променат одредени состојби кај личноста за да може да се оствари ресоцијализацијата и социјалната адаптација.“[20] Согласно КЗ постојат три вида на мерки на безбедност и тие се предвидени и во ЗПД каде што постои еден мал исклучок со тоа што третата мерка од КЗ *задолжително лекување од болести на зависност,* во ЗПД е наведена како *задолжително лекување на деца од зависности*, секако со одредени специфики спрема децата. Под условите предвидени во КЗ спрема дете на кое му е изречена казна затвор за деца или воспитна мерка може да се изречат и мерки на безбедност. Според КЗ и ЗПД постојат три видови на мерки на безбедност и тоа:

1. Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа
2. Задолжително психијатриско лекување на слобода
3. Задолжително лекување од болести на зависност (КЗ) / Задолжително лекување на деца од зависности (ЗПД).

[18]**Закон за извршување на санкциите. („Службен весник** на Република Северна Македонија“ бр. 99/**2019** и 220/**2019)** член 375 ст. 1

[19]Закон за правда за децата (,,Службен весник на РМ“ бр.148/13, и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19 и бр. 275/12), член 64

[20]Проф. д-р Љупчо Арнаудовски; Доц. д-р Александра Груевска-Дракулевски, Пенологија (втор дел) 2013, стр.315

Согласно законската регулатива на Република Северна Македонија, кога се изрекуваат мерките на безбедност се прави разлика помеѓу непресметливо дете и дете зависник. Исто така согласно КЗ на сторителот т.е. детето може да му се изрече една или повеќе мерки на безбедност. Согласно чл. 62 и чл. 65 од ЗПД на непресметливото дете може да му се изречат мерките задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа и задолжително психијатриско лекување на слобода, додека пак на дете зависник може да му се изрече мерката задолжително лекување на деца од зависности. Мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа и мерката задолжително лекување од болести на зависност т.е. задолжително лекување на деца од зависности се извршува во здравствена установа основана за таа цел, или во специјална болница за психијатрија. Мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување на слобода се извршува во здравствена установа која првостепениот суд ја определил во својата одлука. "[21]

**КАЗНИ ЗА ДЕЦА**

Како последна и четврта група на санкции спрема деца се казните кои што се разликуваат од останатите санкции пред сѐ по нивната строгост. Целите, смислата и функциите на системот на правда за децата, според ЗПД и меѓународните норми и стандарди, целосно се заснова врз идејата на превенција и ресоцијализација и врз целосно избегнување не само на казната, туку воопшто на институционален третман на детето и негово издвојување од неговата природна средина т.е. семејството. Поради тоа, казните за деца се предвидени како исклучителни санкции, чијашто примена е врзана за следните услови: според начелото на вина, каде што нема казна без вина, може да се казни само дете за кое ќе се утврди дека е виновно за стореното дело, мора да се работи за дело со тешки последици и кога судот поради тежината на делото и високиот степен на кривична одговорност оправдано не може да изрече воспитна мерка.

Согласно член 50 ст. 2 од ЗПД на детето над шеснаесетгодишна возраст можат да му се изрече некоја од четирите видови на казни: затвор за деца, парична казна, забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија и протерување на странец од земјата.

**Затвор за деца**

Затворот за деца претставува специфична кривична санкција што се применува спрема малолетните кривично одговорни сторители на кривични дела под услови предвидени во Законот за правда на децата. Поаѓајќи од определбата на ЗПД дека секогаш треба да им се дава предност на превентивните, заштитните и воспитните мерки, казните се сметаат за најстрога казнена реакција која се надоврзува на најтешки форми на кривични дела.[22]

Во членот 51 од ЗПД е предвиден затворот за деца кој што може да се изрече исклучиво само како главна казна и тоа за кривично одговорно дете над 16 години кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена казна затвор од пет години или потешка казна, ако делото е сторено под особено отежнувачки

[21]**Закон за извршување на санкциите. („Службен весник** на Република Северна Македонија" бр. 99/**2019** и 220/**2019)** член 272 ст. 1, член 280 ст. 1, член 283
[22]Малолетничко казнено право (скрипта) Лазар Нанев, Олга Кошевалиска, Штип 2018 година, стр. 55

околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот и притоа не би било оправдано да се изрече воспитна мерка.[23] Законот за правда на децата го лимитира и времетраењето на казната кое што не може да биде пократко од една година, ниту подолго од десет години. Оваа казна се извршува во посебна установа, во која децата се издвоени од полнолетните осудени лица до наполнување на 23 години и каде децата од машки и женски пол се издвоени, но можат да бидат здружени во рамките на социјални, образовни или пак забавни програми. Судот при одмерување на казната треба да ги земе предвид околностите кои што влијаат врз нејзиното времетраење, особено да води сметка за степенот на душевна развиеност на детето како и за времето кое што му е потребно за негово воспитување, превоспитување и стручно оспособување. Согласно член 53 ст. 1 од ЗПД, дете кое е на издржување на казна затвор за деца може да се пушти на условен отпуст доколку има издржано најмалку една третина од казната, но не пред да издржи една година од неа, под услов превоспитувањето да е успешно. Согласно ст. 2 од истиот член, судот за време на условниот отпуст му определува мерка засилен надзор на детето од страна на ЦСР на определено време. Во членот 53 од ЗПД исто така предвидено е и отповикување на условниот отпуст од страна на судот доколку осуденото лице не ги исполни обврските кои се предвидени со засилениот надзор или доколку за време на условниот отпуст стори кривично дело за кое е предвидена казна затвор за деца над две години.

**Парична казна**

Паричната казна во системот на казни за деца во судир со законот над 16 години претставува дополнителна санкција која има специјално-превентивно дејствие и таа влијае врз имотните интереси на детето. Може да се изрече како главна или како споредна казна. Доколку е изречена како споредна казна согласно членот 54 ст. 2 од ЗПД се изрекува заедно со казната затвор за деца или со условната осуда со заштитен надзор. Согласно КЗ паричната казна може да се изрече како главна казна за секое дејствие предвидено со закон за кое е пропишана (кражба, измама, одземање туѓи предмети и сл.), додека пак како споредна казна може да се изрече за оние дела кои што се сторени од користољубие (в. член 34 КЗ). Паричната казна се изрекува во дневни глоби, каде бројот на дневните глоби не може да биде помал од една ниту поголем од 120 дневни глоби.[24]

**Забрана за управување со моторно возило од определен вид или категорија и протерување на странец од земјата**

Согласно член 56 од ЗПД, казните забрана за управување со моторно возило од определен вид или категорија и протерување на странец од земјата можат да се изречат или како главна казна или како споредна казна. Доколку се изрекуваат како главна казна можат да бидат изречени за кое било дејствие кое е предвидено како казнено дело според општите услови во членот 33 од КЗ. Кога се изрекуваат како споредна казна тогаш може да се изречат заедно со паричната казна, исто така за кое било дејствие

[23]Закон за правда за децата (,,Службен весник на РМ“ бр.148/13, и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19 и бр. 275/12),член 51 ст.2
[24]Закон за правда за децата (,,Службен весник на РМ“ бр.148/13, и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19 и бр. 275/12), член 54 ст.3

кое е предвидено како казнено дело за кое е пропишана парична казна. Со логичко заклучување (argumentum a minore ad maius - ако нешто е предвидено помалку или за поблаг случај, важи и за повеќе или за потежок случај), протерување на странец може да се изрече доколку на детето му е изречена која било казна или алтернативна мерка.[25]

## СТАТИСТИКА

Заради големата динамичност, малолетничкиот криминалитет неопходно е да се следи и проучува на подолг временски период. Проучувањата во нашата земја на феноменолошките карактеристики на малолетничкиот криминалитет се засноваат врз податоци од Државниот завод за статистика. Затоа во продолжение на овој труд ќе биде прикажан статистички преглед како во периодот од 2012-2020 година по група кривични дела се движат бројките во нашата држава во врска со осудените малолетни лица.

***ОСУДЕНИ***

*Постари малолетници/ Деца во судир со закон од 16 до 18 години*

| **Група на кривично дело** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | **2020** | **Вкупноод 2012-2020 год.** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кривични дела против животот и телото** | 35 | 25 | 41 | 28 | 54 | 27 | 33 | 22 | 27 | **292** |
| **Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | 1 | 4 | 10 | 2 | 5 | 1 | 2 | 3 | 4 | **32** |
| **Кривични дела против честа и угледот** | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | **3** |
| **Кривични дела против половата слобода и половиот морал** | 6 | 2 | 0 | 9 | 6 | 1 | 2 | 2 | 4 | **32** |
| **Кривични дела против бракот, семејството и младината** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | **3** |
| **Кривични дела против здравјето на луѓето** | 6 | 11 | 3 | 7 | 12 | 7 | 10 | 16 | 53 | **125** |
| **Кривични дела против животната средина и природата** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | **2** |
| **Кривични дела против имотот** | 294 | 259 | 204 | 154 | 177 | 167 | 141 | 124 | 119 | **1639** |
| **Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството** | 8 | 3 | 3 | 4 | 1 | 0 | 2 | 1 | 0 | **22** |
| **Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот** | 2 | 1 | 5 | 2 | 3 | 1 | 2 | 2 | 1 | **19** |
| **Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | 17 | 20 | 11 | 23 | 2 | 21 | 17 | 19 | 21 | **151** |
| **Кривични дела против државата** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| **Кривични дела против вооружените сили** | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **2** |
| **Кривични дела против службената должност** | 0 | 0 | 0 | 1 | 18 | 0 | 0 | 0 | 0 | **19** |

[25]Коментар на Законот за правда на децата со практикум, Скопје 2018 година, стр.174

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кривични дела против правосудството** | 2 | 0 | 3 | 3 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | **12** |
| **Кривични дела против правниот сообраќај** | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 3 | **10** |
| **Кривични дела против јавниот ред** | 42 | 22 | 73 | 39 | 65 | 26 | 46 | 25 | 36 | **374** |
| **Кривични дела против човечноста и меѓународното право** | 0 | 1 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | **6** |
| **Кривични дела од посебни закони** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | **2** |
| **ВКУПНО:** | **416** | **350** | **354** | **275** | **349** | **256** | **257** | **218** | **271** | **2746** |

***Извор:*** *Државен Завод за статистика (**Осудени малолетни лица според групите на кривични дела и изречените кривични санкции**) 2012-2020*

Во првата табела даден е приказ на **осудени постари малолетници/ деца во судир со закон од 16 до 18 години** по групи на кривични дела. Од неа може да се заклучи дека во периодот од 2012-2020 година, највеќе има малолетници кои што извршиле кривични дела во групата на Кривични дела против имотот, односно вкупно 1639 осудени по основ на истата.

***ОСУДЕНИ***

*Постари малолетници/ Деца во судир со закон од 16 до 18 години*

| | | Малолетнички затвор / Затвор за деца | | | | | | | Воспитни мерки | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Вкупно:** | **сè** | **до 10 год.** | **од 8 до 10 год.** | **од 5 до 8 год.** | **од 3 до 5 год.** | **од 2 до 3 год.** | **до 2 год.** | **сè** | **Дисциплински мерки** | **Мерки на засилен надзор** | **Заводски мерки** |
| **2012** | **416** | 7 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 5 | 409 | 45 | 350 | 14 |
| **2013** | **350** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 350 | 63 | 281 | 6 |
| **2014** | **354** | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 351 | 52 | 283 | 16 |
| **2015** | **275** | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 7 | 267 | 65 | 194 | 8 |
| **2016** | **349** | 4 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 | 345 | 39 | 304 | 2 |
| **2017** | **256** | 5 | 0 | 0 | 1 | 3 | 0 | 1 | 251 | 39 | 203 | 9 |
| **2018** | **257** | 3 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 | 254 | 36 | 208 | 10 |
| **2019** | **218** | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 216 | 30 | 185 | 1 |
| **2020** | **271** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 270 | 76 | 187 | 7 |
| **ВКУПНО:** | **2746** | **33** | **0** | **1** | **2** | **4** | **3** | **23** | **2713** | **445** | **2195** | **73** |

*Извор: ДржавенЗаводзастатистика(**Осуденималолетнилицаспоредгрупитенакривичнидела и изречените кривични санкции**) 2012-2020*

Преку вториот приказ можеме да ги видиме осудените постари малолетници, односно деца во судир со закон од 16 до 18 години согласно кривичното дело кое што го извршиле, дали како санкција добиле казна малолетнички затвор/затвор за деца или воспитни мерки (дисциплински мерки, мерки на засилен надзор или заводски мерки). Согласно податоците од Државниот завод за статистика во периодот од 2012-2020 година највеќе се изречени мерки на засилен надзор односно 2195 мерки, додека пак 33 малолетни лица се осудени на казна затвор во тој временски период.

**ОСУДЕНИ**

Помлади малолетници/ Деца во судир со закон од 14 до 16 години

| Група на кривично дело | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Вкупно од 2012-2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кривични дела против животот и телото** | 8 | 14 | 6 | 15 | 16 | 2 | 11 | 16 | 12 | **100** |
| **Кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот** | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | **4** |
| **Кривични дела против честа и угледот** | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| **Кривични дела против половата слобода и половиот морал** | 2 | 3 | 4 | 4 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | **15** |
| **Кривични дела против бракот, семејството и младината** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| **Кривични дела против здравјето на луѓето** | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 13 | **19** |
| **Кривични дела против животната средина и природата** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| **Кривични дела против имотот** | 115 | 94 | 63 | 44 | 80 | 84 | 47 | 54 | 34 | **615** |
| **Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството** | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | **3** |
| **Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот** | 2 | 3 | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | **10** |
| **Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај** | 9 | 4 | 3 | 5 | 0 | 11 | 8 | 5 | 7 | **52** |
| **Кривични дела против државата** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **1** |
| **Кривични дела против вооружените сили** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Кривични дела против службената должност** | 0 | 0 | 0 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | **5** |
| **Кривични дела против правосудството** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Кривични дела против правниот сообраќај** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Кривични дела против јавниот ред** | 1 | 3 | 27 | 3 | 14 | 11 | 7 | 3 | 12 | **81** |
| **Кривични дела против човечноста и меѓународното право** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Кривични дела од посебни закони** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | **2** |
| **ВКУПНО:** | **140** | **123** | **107** | **73** | **119** | **112** | **73** | **82** | **81** | **910** |

*Извор: Државен завод за статистика* ***(Осудени малолетни лица според групите на кривични дела и изречените кривични санкции)***

*2012-2020*

Горенаведената табела ни ги прикажува осудените **помлади малолетници, односно деца во судир со закон од 14 до 16 години** по групи на кривични дела. Исто како и кај постарите малолетници така и тука можеме да заклучиме дека во периодот од 2012-

2020 година највеќе има малолетници кои што извршиле кривични дела во групата на Кривични дела против имотот односно вкупно 615 осудени по основ на неа.

**ОСУДЕНИ**

Помлади малолетници / Деца во судир со закон од 14 до 16 години

| | | Помлади малолетници | | |
|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Вкупно** | **дисциплински мерки** | **Мерки на засилен надзор** | **заводски мерки** |
| **2012** | **140** | 12 | 121 | 7 |
| **2013** | **123** | 17 | 100 | 6 |
| **2014** | **107** | 11 | 87 | 9 |
| **2015** | **73** | 14 | 56 | 3 |
| **2016** | **119** | 11 | 100 | 8 |
| **2017** | **112** | 11 | 97 | 4 |
| **2018** | **73** | 10 | 57 | 6 |
| **2019** | **82** | 20 | 60 | 2 |
| **2020** | **81** | 28 | 50 | 3 |
| **ВКУПНО:** | **910** | **134** | **728** | **48** |

*Извор: Државен завод за статистика* ***(Осудени малолетни лица според групите на кривични дела и изречените кривични санкции)*** *2012-2020*

Во последната табела даден е приказ на воспитни мерки кои се изречени во периодот од 2012-2020 година на **помлади малолетници односно деца во судир со закон од 14 до 16 години** кои извршиле кривични дела. Исто како и кај постарите малолетници така и тука најголем број на воспитни мерки кои се изречени се мерки на засилен надзор кои ги има вкупно 728.

## ЗАКЛУЧОК

Меѓународните документи и стандарди пропишуваат дека во секој поединечен случај, конечната пресуда и изрекување на казна, задолжително мора да биде пропорционална на сериозноста и условите под кои е сторено делото, на личната состојба и потребите на малолетното лице, како и на потребите кои што ги има општеството. Затоа, казната односно пресудата не може и не треба да бидат донесени, пред да се изврши анализа на личната ситуација во која се наоѓа малолетното лице или пак на условите под кои е извршено делото. Едно од основните начела е дека кривичната санкција мора да биде пропорционална на сериозноста на стореното дело и степенот на одговорност на детето. При утврдувањето на сериозноста на делото и степенот на одговорност на детето, судот мора да ги земе предвид предизвиканата штета и намерата за сторување на делото, дали детето претходно било осудувано, дали постои претходно утврдено присуство на вина за други дела како и било кои други олеснителни или отежнувачки околности поврзани со детето или стореното дело, кои се релевантни во конкретниот случај. Исто така, судот треба да земе предвид дека и само еден мал број на деца се навистина „сторители на тешки кривични дела”, дека само за сторителите од највисок ризик е потребен висок степен на безбедност, стореното дело не е веродостоен индикатор за евентуалниот ризик од тоа дека лицето повторно ќе стори други дела како и дека приоритетот на санкционирањето пред сè треба да биде рехабилитацијата, а не казнувањето. Откако ќе го оцени степенот на

одговорност на детето, како и сериозноста на стореното кривично дело, судот треба да утврди која од постоечките санкции или нивна комбинација е онаа која би била најсоодветна за стореното дело. Можно е да постои повеќе од една можна санкција, која во конкретниот случај би го задоволила барањето за казнување на детето. Врз изборот на најсоодветната казна може да влијаат и други елементи, како на пример ефектот на рехабилитација кој што би бил постигнат со примена на одредена санкција. Така, на пример општокорисната работа, би била пропорционална за помалку сериозни дела. Клучен елемент за ефективно изрекување на казната, е да се обезбеди дека санкцијата ќе ја унапреди рехабилитацијата на детето. Судот мора да изврши проценка на сите можни санкции, пред да ја избере онаа која што во дадената ситуација би била најсоодветна за казнување на детето, што значи дека изречената санкција мора да биде онаа која би била најмалку рестриктивна, но која сепак би ја исполнила целта на рехабилитацијата; да биде санкцијата која има најголеми шанси да придонесе кон рехабилитацијата на детето; да го поттикне чувството на одговорност кај детето и признавањето и сфаќањето на штетата која што ја има предизвикано за жртвата како и за општеството.

Секако на крајот доаѓаме до заклучокот дека целта на изрекувањето казна, е детето да ја преземе одговорноста за стореното дело. Тоа се постигнува со изрекување на праведна санкција со последици, без разлика на тоа дали би му била изречена воспитна мерка, алтернативна мерка или пак во најлош случај казна затвор. Секоја санкција, уште од самиот почеток, треба да ја има предвид крајната цел на казнувањето, а тоа е рехабилитација на детето и негова реинтеграција во општеството. Иако, истражувањата во оваа област, покажуваат дека постојат голем број на фактори кои што се вон контрола на судот и кои можат да влијаат врз шансите за успешно разрешување на поединечните случаи, од судот се очекува да избере санкција, која што ќе значи максимално унапредување на можностите за реинтеграција и рехабилитација.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

https://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2016/03/%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%87%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BD-%D1%82%D0%B5%D0%BA%D1%81%D1%82.pdf чл. 48, стр. 21

Jovašević, Dragan, Ikanović, Veljko, „Krivično pravo Republike Srpske-opšti deo“, Banja Luka: Panevropski univerzitet Apeiron, 2012, страна 377

Recommendation CM/Rec(2008)11 of the Committee of Ministers to member states on the European Rules for juvenile offenders subject to sanctions and measures, 5.11A.2008, Council of Europe

В. Камбовски, Коментар на Кривичниот законик, 2015 год. стр. 520

Докторски труд, Ебру Ибиш, тема: Криминолошки и казнено правни аспекти на малолетничката деликвенција во Република Македонија стр. 84-86

Државен Завод за статистика (Осудени малолетни лица според групите на кривични дела и изречените кривични санкции) 2012-2020

Закон за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 99/2019 и 220/2019) член 272 ст. 1; член 280 ст. 1; член 283; член 309; член 375 ст. 1

Закон за малолетничка правда, Службен весник број: 87/2007, член 12

Закон за правда за децата (,,Службен весник на РМ“ бр.148/13, и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19 и бр. 275/12) член 19; член 40; член 43 став 3; член 44; член 51 став 2; член 54 став 3; член 63; член 64;

Коментар на Законот за правда на децата со практикум, Скопје 2018 година, стр.154; стр. 174; стр.177

Малолетничко казнено право (скрипта) Лазар Нанев, Олга Кошевалиска, Штип 2018 година, стр. 49; стр.55

Проф. д-р Љупчо Арнаудовски; Доц. д-р Александра Груевска-Дракулевски, Пенологија (втор дел) 2013, стр. 315; стр.337; стр. 349;